Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 01-3210/1
05.09.2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019 и 14/2020), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018 и 11/18), директорот на Националната установа Национална опера и балет, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет**

Член 1

Со овој правилник се вршат измени во Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет, со архивски број 01-1685/3 од 27.08.2020 година, 01-1685/4 од 14.09.2020, 01-1685/5 од 20.11.2020, 01-545/1 од 22.02.2021, 01-545/3 од 22.07.2021, 01-100/1 од 17.01.2022, 01-100/2 од 01.04.2022 и 01-2956/1 од 30.08.2022 и 01-638/1 од 13.02.2024 година.

Член 2

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Б-уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, ниво Б2, во точка 2, назив на работно место инспициент асистент во Опера, се намалува бројот на извршители од 3 на „2".

Член 3

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Г-стручни соработници во дејности од областа на културата, ниво Г1, се зголемува бројот на работни места од 5 на „6" и се додава точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 6. | Друг раководител – за меѓународна дејност | 1 | 0 |

Член 4

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 8, шифра на работно место КУЛ0102В02006, назив на работно место виш соработник - сметководител, делот вид на образование, се менува и гласи: Општествени науки: Економија и бизнис или Други општествени науки – Организациони науки и управување (менаџмент).

Член 5

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, во организационата единица самостојно одделение за поддршка на директор – дирекција, по работното место под реден број 23.б, шифра на работно место КУЛ0304Г01002, назив на работно место програмски раководител, се додава ново работно место со реден број 23.в., кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 23.в КУЛ 03 04 Г01 003 |
| Звање на работно место | Друг раководител |
| Назив на работно место | Друг раководител - за меѓународна дејност |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Општествени науки: Други општествени науки - Организациони науки и управување (менаџмент)<br>Средно стручно образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Организирање и координирање на активностите со цел остварување на проекти од меѓународна дејност |
| Работни задачи | - Подготвува материјали, документи и прибира податоци во врска со меѓународната соработка на установата,<br>- Ја изработува годишната програма за работа во делот на меѓународна дејност,<br>- Непосредно му помага на раководството на установата во врска со остварувањето на меѓународната соработка,<br>- Остварува контакти со учесници во проекти од областа на меѓународната дејност,<br>- Ја следи реализацијата на проектите од областа на меѓународна дејност и подготвува соодветни извештаи. |
| Одговара пред | Директорот на Национална опера и балет |

Член 6

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 36, шифра на работно место КУЛ0304Б02009, назив на работно место инспициент во Опера, во делот број на извршители, бројот 3 се менува и гласи „2“.

Член 7

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Управниот одбор и Министерството за јавна администрација.

В.д.директор
Оливер Арсовски